**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ„ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**Бр.02-308/6-4**

**22.05.2018 година**

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високо образование(Сл.весник на РМ број 82 од 8 мај 2018 година) и член 36 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарски факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник број 267/2013 година-пречистен текст), Наставно научниот совет на Шумарски факултет на својата 4-та(четврта) редовна седница во 2018 година одржана на ден 22.05.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за утврдување на звање редовен професор доживотно

1.На **проф.д-р Николчо Велковски** кој до денот на влегувањето во сила на новиот Закон за високо образование(Сл.весник на РМ бр. 82 од 8 мај,2018 година, а влезен во сила на ден 16.мај 2018 година )е избран во звањето редовен професор по прв пат**, МУ СЕ УТВРДУВА засновање на работен однос на неопределено време и задржување на звањето редовен професор доживотно.**

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука на Сенат на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје бр.02-560/28 од 30.06.2017 година д-р Николчо Велковски беше избран за прв пат во наставно-научното звање редовен професор во научните области: *одгледување на шуми и хортикултура.*

Согласно член 218 став 1 од новиот Закон за високо образование Сл.весник на РМ бр. 82 од 8 мај,2018 година, а влезен во сила на ден 16.мај 2018 година ), редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Поради горенаведеното се донесува решението како во диспозитивот.

**Доставено до**:професорот,архива, досие, секретар, веб страна на факултетот

**ДЕКАН**

_______________________

**Проф.д-р Кирил Сотировски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1146**

**Скопје, 15 мај 2017 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

**Содржина на Билтен број 1146 од 15 мај 2017 година**

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Стефан Мицевски, Огнен Менковски, Зорица Фурнаџиска)**..........10

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Оптимален модел за водење на монетарна политика во мала и во отворена економија-случајот на Македонија** од **м-р Султанија Бојчева Терзијан,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........11-18
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија** од **м-р Локман Хебиби,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........19-30
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Марија Велева, Нена Димовска, Цветанка Ническа, Бојан Петровски, Иван Ајтарски, Ивана Стамболиска, Кристина Попова)**..........31-32
4. Преглед на прифатена промена на ментор за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Ивона Каранфиловска)**..........33

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Андон Насковски, Борче Мицов, Тони Митковски)**..........34

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на адинопектинот, лептинот, резистинот кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинската резистенција** од **д-р Александра Атанасова Бошку,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........35-48
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус** од **д-р Горан Беговиќ,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........49-56
3. Приговор на Рефератот на Рецензентската комисија за избор во звањето вонреден професор по предметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет, објавен во Билтен бр. 1144 од 13.4.2017 година, поднесен од д-р Симонида Црвенкова..........57-63
4. Одговор на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор во звањето вонреден професор по предметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет, објавен во Билтен бр. 1144 од 13.4.2017 година.....64-65

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридси“ во Скопје **(Даниела Спасовска)**..........66

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казненопроцесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Гордана Бужаровска)**..........67-109

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Тања Каракмишева-Јовановска)**........................110-150
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област финансиско право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Јован Зафироски)**..............................................................151-164
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Иван Дамјановски)**.................................................................165-184
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Елена Михајлова-Стратилати)**..........................................185-211
7. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казнено материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Никола Тупанчевски)**............................................................212-230
8. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Владимир Божиновски)**...............................................231-346
9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Уставносудска заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот** од **м-р Шпендим Максути,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје........................................................................................................247-251
10. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(м-р Илија Манасиев)**......................252
11. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Зана Арслани, Ана Стојновеска, Александра Петрушевска, Анета Стерзоска, Радица Волчинова, Виктор Јаневски, Дејан Стојчев, Александра Трајковска, Валентин Зарев, Нина Трпковска, Една Зекировиќ, Невена Тасевска, Љубица Мартинова, Искра Доко Велјаноска, Марија Коцевска, Виктор Ванкоски, Љубица Костовска, Ува Петровска, Николина Силјановска, Катерина Велјаноска, Маја Вељанова, Ана Гоцевска, Иван Точков, Сандра Гавриловска, Антонио Наумовски, Антониј Трпчевски, Барбара Стевческа, Весна Радиновска, Ивана Наскова, Антон Смилевски, Ивана Анѓеловска, Божо Лажетиќ, Ана Марија Апостоловска, Моника Коцевска, Ивана Димишковска, Магдалена Стоева, Андреј Мишковски, Ендри Чела)**..........................................253-257


## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на метеорологијата на Институтот за физика при Природно-матемичкиот факултет во Скопје **(д-р Владо Спиридонов)**..........................................................................................258-269
2. Реферат за избор на асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Огнен Спироски, м-р Моника Симјаноска)**.........................................................................270-274
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на Институтот за биологија при Природно-матемичкиот факултет во Скопје **(д-р Гордана Димеска)**..........................................................................2785-292
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Благоја Трајчевски, Димитар Селев, Меника Анастасиеска, Викторија Јакимовска)**..............................293-294


## ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хемија, неорганска хемиска технологија (стакло, глина,

порцелан, керамика) и погонски материјали (горива и технологија на коверзија на енергија) на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Билјана Анѓушева)**..........295-310
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Дафинка Стоевска-Гоговска)**..........311-321
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла**од **м-р Катерина Атковска,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје..........322-328

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло на Факултетот за ватеринарна медицина во Скопје **(д-р Сандра Мојсова)**..........329-346

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за Земјоделски науки и храна во Скопје **(Анкица Георгиевска, Олгица Арсова)**.......347

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Лилјана Петровска, Викторија Димеска, Христина Маневска, Емилија Лазаревска, Мирјана Крстева Массети, Владимир Темков, Сара Длака, Шкрета Букурије, Ана Марковска)**..348

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „Соната Арпеџоне" од Ф. Шуберт, „Три фантастични пиеси" оп.73 од Р, Шуман, „Девет варијации на Паганиниева тема" од Ф. Прото и Концерт за контрабас и оркестар од Е. Тубин и теорискиот труд „Остварување на интерпретациските задачи на солистот во две значајни дела од концертната литература за контрабас: Јоханес Матијас Шпергер - Концертот бр.16 во D-dur и Џовани Ботезини – Концертот бр. 2 во h-moll, преку користење на различните гудачки техники" од м-р Петруш Петрушевски, пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје..........349-354
2. Преглед на магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд прифатени на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(Марија Анѓиќ, Астрит Паласка, Бојан Лушкоски, Михајло Вукајловиќ, Бобан Рајчиноски, Марко Гапо, Симон Поповски, Кирил Кстевски, Тоше Поп-Лазаров, Зоран Станишиќ, Маја Божиновска, Мимоза Ќека, Михајло Штерјев, Емилија Јовческа, Катерина Стојановска-Крстевска, Елизабет Колевска, Марија Кичевска)**.355-357

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплина): социјална статистика, социологија на семејството, методи на социолошки истражувања и социометрија, популациона градска и селска политика, планирање на семејството, социјална демографија и

социологија на миграциите на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Аница Драговиќ)**.....................................................................................358-384

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија** од **м-р Гордана Јанева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје......................................385--388
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца** од **м-р Соња Чаловска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...............................................................389-401

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на ракописот **Вовед во граматиката на италијанскиот јазик** од авторката **Руска Ивановска-Наскова,** пријавен на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...................................................................402-410
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите настани системи** изработена од **м-р Гордана Алексова,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...........411-420
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Полемиките во македонската писмена традиција** од **м-р Милена Ристова-Михајловска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..............................................................................................421-431
4. Рецензија на ракописот **Евалуација во наставата по француски јазик и по италијански јазик** од **Радица Никодиновска** и **Мира Трајкова,** пријавен на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје............................432-439

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: одгледување на шумите и хортикултура на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Николчо Велковски)**........................................440-472

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Стратегии за адаптација на франшизата во Република Македонија** од кандидатката **м-р Вера Бошковска,** поднесена на Економскиот институт во Скопје.....473-478

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(Ангела Попоска, Трајче Зафиров)**..............................................................................479

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми од м-р Биљана Рајчинова-Николова,** пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.......................................................................................................480-493

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник – вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Владимир Јанев)**....494-502

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ И ХОРТИКУЛТУРА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 4. (четврта) седница одржана на 18.4.2017 година, донесе одлука 02-277/3 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: одгледување на шуми и хортикултура, во состав:

- д-р Коле Василевски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје

- д-р Димитар Баткоски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје, во пензија, и

- д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје.

Согласно со конкурсот објавен од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 24.3.2017 година, се пријави кандидатот д-р Николчо Велковски, вонреден професор на УКИМ Шумарски факултет во Скопје.

По разгледувањето на поднесената пријава и доставените документи од кандидатот д-р Николчо Велковски, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Биографски податоци**

Д-р Николчо Велковски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, е роден на 12.2.1971 година во Делчево.

Основно образование завршил во Пехчево, а средно образование во Скопје.

На Шумарскиот факултет во Скопје на насоката општо шумарство се запишал во 1991/92, а го завршил на 12.2.1996 година со среден успех 8,90. Дипломска работа изработил по предметот одгледување на шумите, со наслов „Оптимални методи за стопанисување со шумскостопанската единица Буковик-Бајаз Тепе".

Во учебната 1996/1997 се запишал на постдипломски студии на Катедрата за уредување на шумите при Шумарскиот факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршил на 22.12.1999 година со просечен успех 9,66.

Магистрирал на тема: „Структура и производност на чистите букови насади на Малешевските Планини".

Во 1997 година, Николчо Велковски се вработил во ПШС "Равна Река"-Пехчево, каде што работи до 10.2.2006 година.

Од 10.2.2006 година е вработен на Шумарскиот факултет во Скопје, како асистент по група предмети од областа одгледување на шумите.

Докторирал на 8.6.2007 година со одбрана на докторската дисертација под наслов „Биоеколошка карактеристика и природно обновување на буковите шуми на Малешевските Планини".

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр.0201-96/VII-3 од 16.10.2007 и согласно со реферaтот објавен во Билтен бр. 927 од 1.10.2007 година, Николчо Велковски е избран во звањето доцент и наставник на наставната програма одгледување на шумите.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр.0201-127/V-2 од 24.9.2012 и согласно со рефератот објавен во Билтен бр. 1034 од 2.7.2012 година, Николчо Велковски е избран во звањето вонреден професор и наставник на група предмети од областа одгледување на шумите.

Во своето работно искуство, д-р Николчо Велковски држи настава и вежби на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје, по повеќе предмети од областите одгледување на шумите и хорткултура, на насоките:

шумарство, пејзажно дизајнирање и екоинжинеринг и екоменаџмент. Покрај теоретската настава изведува и теренска настава и вежби по наведените предметни програми.

Д-р Николчо Велковски учествува и во наставата од постдипломски студии (студии од II циклус) од областа на одгледување на шумите и хортикултура, на насоките: шумарство и озеленување и унапредување на животната средина.

Во текот на работењето има објавено поголем број научни трудови, учества на повеќе научни конференции, работилници, стручно-апликативни дела, проекти и учество во факултетски комисии (список е даден во прилог).

Во периодот 2008-2016 година ја извршувал функцијата продекан на Шумарскиот факултет во Скопје.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Николчо Велковски, вонреден професор, досега успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии (студии од I циклус) на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми Шумарство и Озеленување и унапредување на животната средина, по предметите: Одгледување на шумите и Подигнување и нега на зелени површини, како и на ново акредитираните студиски програми: Шумарство, Пејзажно дизајнирање и Екоинжинеринг и екоменаџмент од учебната 2013/14, по предметите: Одгледување на шумите, Одгледување на шуми со посебна намена, Подигнување и нега на зелени површини, Вовед во шумарството и Агрошумарството во руралниот развој. Покрај теоретската настава изведува и теренска настава и вежби по наведените предметни програми.

Д-р Николчо Велковски учествува и во наставата од постдипломски студии (студии од II циклус) од областа на одгледување на шумите и хортикултура, по следниве предметни програми: Одгледување на шумите-II, Одгледување на шуми со посебна намена, Методи на научноистражувачка работа и Подигнување и нега на зелени површини II на старите студиски програми, како и на новоакредитираните студиски програми од 2013 г. на насоките: шумарство и озеленување и унапредување на животната средина по следниве предметни програми: Одгледување на шумите-II, Техники на одгледување на шуми со посебна намена, Подигнување и нега на зелени површини II, Тревници и Агрошумарски одгледувачки практики.

Досега кандидатот бил ментор и член во повеќе комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски работи и докторски дисертации. Бил рецензент на два учебника за средно образование, рецензент на еден универзитетски учебник во странство, како и коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник.

Во досегашната работа, а особено од изборот во звањето вонреден професор, самостојно или во соработка со други автори учествувал во подготвување и изработка на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни дела. Во периодот октомври-ноември 2015 година имал студиски престој на Универзитетот во Берн, Шајцарија.

Во текот на своето работење, кандидатот совесно и квалитетно ја извршувал својата наставно-образовна дејност, а меѓу другото учествувал и во повеќе факултетски комисии и една универзитетска комисија.

**Теренска настава**

Согласно со наставните планови и програми, кандидатот успешно изведува и теренска настава по предметите: Одгледување на шумите и Подигнување и нега на зелени површини.

**Ментор на дипломска/магистерска/член на Комисија**

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот бил ментор на 20 дипломски работи, а член на комисија за одбрана на 19 дипломски работи. Бил коментор и на 3 странски студенти од Универзитетот во Берн, Швајцарија, за изработката на нивните дипломски теми. Покрај тоа, во овој период кандидатот бил ментор на 4 одбранети магистерски труда, а е избран и за ментор уште на 3 магистерски труда кои се во фаза на изработка. Бил член и на 11 комисии за оцена и одбрана на магистерски труда и член на комисија за оцена и одбрана на 3 докторски дисертација.

### 3. Учество во школи, работилници и курсеви за професионална обука

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Николчо Велковски има учествувано како предавач или учесник на следниве работилници, летни школи и курсеви за професионална обука:

1) Министерство за животна средина и просторно планирање & Секретарјат на Конвенцијата за борба против опустинувањето на ОН (UNCCD) "Неутралност во деградацијата на земјиштето (Land Degradation Neutrality-LDN)", 28.2.2017 г. Хотел „Буши" во Скопје.
2) Министерство за животна средина и просторно планирање, УНЕП / ГЕФ проект "Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", 14.10.2016 г. Хотел „Александар палас" - Скопје.
3) Програма за зачувување на природата во Македонија, Работилница „Дијалог за регионална политика во шумарството: Регионален план за стопанисување со шумите како можност за одржливо управување со шумите во Брегалничкиот регион", 13.9.-14.9.2016 г. Берово.
4) Програма за зачувување на природата во Македонија, Летна школа за одржлив развој на Делчево, 3.8.-12.8.2016 г. Делчево.
5) Програма за зачувување на природата во Македонија, Работилница за подготвување на втората фаза од Програмата, 7.7.2016 г. Воденица, Скопје.
6) Министерство на земеделието и храните, Изпълнителна агенциЯ по горите. Национално съвешание (конференциЯ) с международно участие на тема: Перспективи и насоки за стопанисване на изкуствено създадените иглолистни гори. Парк хотел КЮстендил, 28-29 Януари 2016г. Р. БългариjЯ.
7) Работилница за развојот на курикулумот на УКИМ Шумарски факултет во Скопје. Хотел „Континентал", 18.12.2015 г. Скопје.
8) Програма за зачувување на природата во Македонија.Четврта работилница со партнерите на тема: „Преглед на третата година од имплементацијата на Програмата и планирање на активности за наредната година". Хотел „Манастир", Берово, 16-17.12.2015 г.
9) European Forest Week-Silva 2015, Engelberg 2-6.11.2015 Switzerland.
10) 90 Years higher Forestry education in Bulgaria International scientific conference Forestry: „Bridge to the Future". Park Hotel Moskva, 6-10 May, Sofia, Bulgaria.
11) Програма за зачувување на природата во Македонија. Работилница за запознавање со потребите на различните чинители во шумарството (со акцент на Брегалничкиот слив) и идентификација на потенцијалниот иден придонес на ПЗП во Македонија. Кочани, 24.2.2015г.
12) Програма за зачувување на природата во Македонија. Трета работилница со партнерите на тема: „Преглед на втората година од имплементацијата на Програмата и планирање на

активности за наредната година". Хотел „Манастир", Берово, 11-12.12.2014 г.

13) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Четврта работилница со засегнатите страни на тема: „Разгледување на нацрт Стратегијата за биолошка разновидност со акциски план и планови за имплементација". Проект: „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност". Хотел Stone Bridge, Скопје, 26.11. 2014 г.
14) Cross-border Workshop on The need for policy interventions and adoption of technological tools to flight illegal logging and timber trade. The Contribution of AITOLOS Project in fighting illegal logging and timber trade to protect trans-boundary Greek-FYR Macedonia ecosystems. Hotel Manastir, Berovo, 09-11 Jully, 2014.
15) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Серија состаноци за заштита на животната средина во Македонија: Работилница за прогресот на проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност. Охрид, 9-12 јуни 2014 г.
16) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Серија состаноци за заштита на животната средина во Македонија: Прва работилница со засегнатите страни за проектот „Поддршка на Република Македонија во развивање на Национален акционен план за борба против опустинување усогласен со 10-годишната стратегија на UNCCD и процесот на извесување во рамки на UNCCD". Охрид, 9-12 јуни 2014 г.
17) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & HELVETAS & GEF & SDC & ИПР: Програма за одбележување на Меѓународен ден на биолошка разновидност, тема „Островски биодиверзитет". Делчево, 22 мај 2014 г.
18) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Проект на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Winrock International Ecosistem Services, работилница на тема „Примена на техники за далечински сензори и географски информациски системи (GIS) за мониториг на шумите". Едукативен центар СИВУС, Скопје, 26-27 февруари 2014 г.
19) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност ", Трета работилница со засегнати страни на тема „Дефинирање на акцискииот план за посетигнување на националните цели за биолошка разновидност". Хотел Сириус, Струмица, 2-6 февруари 2014 г.

20) Програма за зачувување на природата во Македонија. Втора работилница со партнерите на тема: „Преглед на првата година од имплементацијата на Програмата". Хотел „Манастир", Берово, 4-5.12.2013 г.
21) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност ", Втора работилница со засегнати страни. Хотел „Аурора", Берово, 2-4 октомври 2013 г.
22) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", Иницијален состанок. Скопски саем, Скопје, 19.02.2013г.
23) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Проект „Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари", подржано од Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО), Финална партиципативна работилница. Хотел „Холидеј ин", Скопје, 18.12.2012 г.
24) Програма за зачувување на природата во Македонија. Прва фаза, Иницијална работилница, 17.12.2012 г. Хотел „Александар палас", Скопје.
25) International Scientific Conference: Forestry science and practice for the purpose of sustainable development of Forestry, 20 years of the Faculty of Forestry in Banja Luca. 1-4.11.2012g. Hotel Bosna, Banja luka, Republic of Srpska, B&H.
26) 4. Конгрес на еколозите со меѓународно учество. 12-15.10.2012 г. Охрид.
27) Проект „Програма за закрепнување на балканскиот рис", работилница-Улогата на фармерите и шумарите во заштита на балканскиот рис во идните заштитени подрачја, 11.11.2012 г. Демир Хисар.
28) Форум на тема: Понуда и побарувачка на лековити билки и шумски плодови во пограничниот регион, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 23-24 јуни, 2012 година, хотел Македонија-Делчево.
29) Работилница за обука на тема: Добри практики во собирањето на билки, првична обработка, чување и полза, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА Програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 07-08 април, 2012 година, хотел Кристо-Благоевград, Р. Бугарија.
30) Работилница за обука на тема: Добри практики за собирање, примарно складирање и искористување на билки и шумски плодови, во рамки на проектот „Разумно искористување на

екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 24-25 март 2012 година, хотел „Македонија", Делчево.

31) Работилница за обука на тема: Добри практики за собирање, примарно складирање и искористување на билки и шумски плодови, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 18-19 февруари 2012 година, хотел „Езерец", Благоевград, Република Бугарија.

## 4. Научноистражувачка дејност

Од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изработено 6 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 1 научен труд со оргинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир и 4 трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатот учествувал на повеќе научни конференции со презентации на трудови, како и во повеќе научноистражувачки проекти од кои на 1 бил и раководител.

## 5. Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има учествувано во следниве стручно-апликативни трудови/проекти:

1) Просторен план на Источниот плански регион (нацрт). Министерство за животна средина и просторно планирање & Агенција за планирање на просторот. Член на тим за изработка на експертен елаборат шуми, шумарство и ерозија во сливот на реката Брегалница, 2016 г.
2) Проект: Идентификација, инвентаризација, промоција и зачувување на дрвјата споменици на природата и на старитевековни дрвја, значајни за биодиверзитетот на Малешевските

Планини. ПЗП, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка, БФОР, 2016.
3) Посебен план за одгледување и заштита на шумите во „Националниот парк-Пелистер"-Битола. Универзитет Св. „Кирил и Методиј"-Скопје, „Шумарски факултет"-Скопје, 2015.
4) Анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница-Интегрален Извештај, Центар за развој на Источен плански регион, „Деконс-Ема"-Скопје, Проект спроведен во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект на Щвајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем, 2015 г.
5) Биолощка разновидност во сливот на реката Брегалница. Проект „Анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколощка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница", Центар за развој на Источен плански регион, „Деконс-Ема"-Скопје, Проект спроведен во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект на Щвајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем, 2015 г.
6) Извещтај за состојбата со защтитените подрачја во сливот на реката Брегалница. Проект „Анализа на недостатоците во еколощки податоци и изработка на карта на еколпщка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница", Центар за развој на Источен плански Регион, „Деконс-Ема"-Скопје, Проект спрпведен во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем, 2015 г.
7) Екологија и стопанисување со шумите во регионот по горниот тек на Брегалница (Малеш). Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, ISBN 978-9989-132-17-9, COBISS.MK-ID. Swiss Agenci for Development and Cooperation SDC & Nature conservation programme, Coordinated by: Helvetas Swiss intercooperation & Фармахем, Скопје, Октомври 2014.
8) Посебен план за одгледување и заштита на шумата со посебна намена „Михајлово"-Кавадарци, Скопје, Средно општинско земјоделско-шумарско училиште „Ѓорче Петров"-Кавадарци, 2014.
9) Студија за разумно искористување на еко ресурсите на планините Голак и Влаина. Проект: Разумно искористувње на еко ресурсите на планините Голак и Влаина, No 2007CBI6IPO007-2009-1-80. Проект за соработка меѓу општините Делчево и Благоевград, кофинансиран од ЕУ преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IPO007, 2012.

10) Проект Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство & ФАО, 2012;

## 6. Дејности од поширок интерес

Од изборот во звањето вонреден професор до сега, д-р Николчо Велковски учествувал во 10 факултетски комисии. Покрај тоа ја извршувал функцијата продекан за настава, како и раководител на постдипломските студии (од II циклус) на научната област одгледување на шумите. Во периодот 2012-2016 бил член на Универзитетската комисија за меѓународна соработка, а е член и на Управниот комитет при МЗШВ за зајакнување на националната подготвенст за справување со шумски пожари.

Во текот на својата работа има изготвено и повеќе публикации и стручни дела.

1) Брошура Стари-вековни дрвја на Малешевските Планини, 2016. Проект: Идентификација, инвентаризација, промоција и зачувување на дрвјата споменици на природата и на старите-вековни дрвја, значајни за биодиверзитетот на Малешевските Планини. ПЗП, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка.
2) Карта на Стари-вековни дрвја на Малешевските Планини, 2016. Проект: Идентификација, инвентаризација, промоција и зачувување на дрвјата споменици на природата и на старите-вековни дрвја, значајни за биодиверзитетот на Малешевските Планини. ПЗП, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка.
3) Прирачник за одржливо управување (стопанисување) со шумите на планината Јабланица (замајќи ја предвид улогата на шумите во заштитата на водните сливови), 2015. Проект: Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица. Проект финансиран од Critical Ecosistem Partnership Fund. Иплементиран од МЕД-Скопје.
4) Мелиорација на деградирани шуми и шикари. Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје", Шумарски факултет - Скопје, (учебник), 2012;
5) Монографија и Библиографија „65 години Шумарски факултет (1947-2012)", УКИМ „Шумарски факултет - Скопје", 2012;
6) Прирачник за собирачи на лековити билки и шумски плодови. Проект: Разумно искористувње на еко ресурсите на планините Голак и Влаина, No 2007CBI6IPO007-2009-1-80. Проект за соработка меѓу општините Делчево и Благоевград,

кофинансиран од ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IPO007, 2012.

7) Мапа на лековити билки и шумски плодови. Проект: Разумно искористување на еко ресурсите на планините Голак и Влаина, No 2007CBI6IPO007-2009-1-80. Проект за соработка меѓу општините Делчево и Благоевград, кофинансиран од ЕУ преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IPO007, 2012.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Николчо Велковски, во рамките на самоевалуацијата која ја спроведува Шумарскиот факултет при УКИМ-Скопје, има позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Според изнесеното во извештајот за досегашната работа и постигнатите резултати на кандидатот д-р Николчо Велковски во однос на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Николчо Велковски, согласно со критериумите за избор содржани во Законот за високото образование (член 125, став 4), ги исполнува сите услови за стекнување на наставно-научно звање редовен професор во наставно-научните области: одгледување на шумите и хортикултура.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје да го избере кандидатот проф. д-р Николчо Велковски во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Коле Василевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

2. Д-р Бимитар Баткоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, (во пензија) с.р.

3. Д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.